Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-17/2
година
28-02-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-817/1 од 17.11.2023 година, поднесена од група на лица против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз лицата , и вработени во на Република Северна Македонија сторена од страна на Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија – УПОЗ во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 17.11.2023 година и 23.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата), доставени се Претставки бр. 08-817/1 и 08-817/2 од и сите вработени во а РСМ и членови на синдикалната организација при Синдикатот на УПОЗ. Подносителите во претставката тврдат дека врз нив е извршена дискриминација, со тоа што им се забранува иступување од членство во Синдикатот на УПОЗ, притоа не наведувајќи конкретен дискриминаторски основ.

Имено, тие истакнуваат дека по поднесени барања за иступување од членство во синдикатот, истите им одбиени со образложение дека користеле права од колективен договор. Во прилог ги доставуваат одговорите од УПОЗ од 06.10 и 09.10.2023 година. Со тоа тие се сомневаат дека е извршена повреда и дискриминација на работничките права, со тоа што *како Синдикална организација спротивно на Законот им ги ограничиле нивните Уставни и законски права на слободно синдикално организирање, односно со Статутот на УПОЗ член 19 став 2 и 3 забраниле отстапување од членството во УПОЗ*. Дополнително, наведуваат дека како образложение за одбивање на нивните барања за отстапување од членство во УПОЗ, било наведено дека во 2022 година користеле финансиски бенефит или право, односно регрес за годишен одмор согласно Гранскиот колективен договор, со што уште еднаш им го повределе правото и имале дискриминаторски однос спрема нив. Според нив, таквото право од

наведениот колективен договор го добиле сите вработени во ( независно дали биле членови на Синдикатот на УПОЗ. Со тоа, сметаат дека одредбата од Статутот на УПОЗ е спротивна на Устав и закон, односно спротивна на Законот за работните односи. На крај истакнуваат дека на 13.10.2023 година доставиле и опомена пред тужба до УПОЗ.

Во дописот до Комисијата за изјаснување по наводите во претставката, заведен под бр. 08-17/1 од 02.01.2024 година, Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ наведува дека подносителите биле известени дека не можат да излезат од членството во синдикатот согласно член 19 од Статутот на УПОЗ. Известувањето било изработено врз основа членот 19 став 2 од Статутот на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ) кој гласи: „Членот не може да истапи од Синдикатот на УПОЗ и во случаите кога користел право од Колективен договор, потпишан од Синдикатот на УПОЗ или право од работен однос регулирано со друг документ (Спогодба, Договор и слично) ако со тие права членот добил финансиски бенефит или подобрување на неговиот статус на работното место, како и правна помош при учество во судски спорови, дисциплински постапки и други правни постапки во кои членот бил застапуван од Синдикатот на УПОЗ“ и член 19 став 3 според кој „Дококлу членот користел права од ставовите 1 и 2 на овој член не може да истапи во период од три години од денот на поднесување на барањето за истапување“. Понатаму, истакнуваат дека подносителите како вработени во

ı Република Северна Македонија и членови на Синдикатот на УПОЗ за 2022 година оствариле право на регрес за годишен одмор согласно Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено поправните и воспитно поправните установи, државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ (Службен весник на РСМ бр. 51/2020 и 172/2021). Следствено на тоа, истакнуваат дека тврдењата на подносителите се во целост неосновани.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Комплементарно на наведеното, директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Ценејќи ги подеднакво наводите во претставката на подносителите и наводите во изјаснувањето на Синдикатот на УПОЗ, без да ги смета за веројатни тврдењата на подносителите, Комисијата утврди дека врз лицата

не е сторена директна дискриминација од страна на Синдикатот на УПОЗ.

Имено, за да се смета постапувањето на Синдикатот на УПОЗ за директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е постоење на споредлива ситуација за да се утврди дека подносителката била ставена во понеповолна положба во однос на друго лице или лица, како и таквото постапување на Синдикатот да биде каузално поврзано со определена карактеристика, односно обележје својствено за подносителите, а наведено како дискриминаторски основ согласно член 5 од горенаведениот Закон.

Подносителите во претставката не обезбедија податоци со кои би се споредиле во однос на друго или други лица, како поткрепа на тврдењата за нееднаков третман, односно дискриминација, ниту пак наведоа дискриминаторски основ врз кој би се темелела наводната дискриминација.

Оттука, иако конкретниот случај може да се однесува на спор во врска со евентуална повреда на остварување колективно право од работен однос, сепак истото согласно утврдената фактичка состојба не претставува директна дискриминација согласно како е определено битието на истата во одредбата од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

1.
2. *Синдикат на УПОЗ*
3. *Архива на Комисијата*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk